РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ



| Примено: 24. 06. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2400/1 | | |



Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *ликовно образование* за III одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## III ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, јуни 2010

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да запознава нови термини кои се користат во наставата по ликовно образование;
- да користи разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, градење и визуелни комуникации во ликовното изразување;
- да ги изразува самостојно и слободно своите сознанија, чувства, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;
- да користи разни постапки за ликовно изразување (капење, гребење, прскање, туфитање и др.);
- да умее да направи избор на идеја, активност и средства и да состави ликовна творба;
- да умее вербално да објасни ликовна творба и да се поттикнува на сопствена естетска проценка;
- да прави разлика на уметнички дела од различни ликовни подрачја (цртеж, слика, скулптура, архитектура);
- да ги применува стекнатите знаења и вештини за ликовно изразување;
- да практикува културно-хигиено-технички и работни навики;
- да се запознава со културното наследство од различни етнички заедници;
- да ги препознава визуелните медиуми и средства и нивната функција;
- да умее да ја користи компјутерската техника за ликовно изразување.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЦРТАЊЕ И МОДЕЛИРАЊЕ (ориентационо 20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да ја развива перцепцијата и да создава претстава за просторот (длабочина, блиску-далеку);<br>▸ да развива чувство за линијата (видови и интензитет) и да ја применува во ликовна целина;<br>▸ да развива осетливост и да воочува ритам во природата и самостојно да го применува во цртањето;<br>▸ да ја развива способноста за забележување на контурната линија на предметите во одреден простор;<br>▸ да ја воочи светлоста и со сенчење да ја претставува сенката на предметите;<br>▸ со цртање да претставува видови текстури;<br>▸ да црта преку техника-туш. | Ликовни елементи во цртањето и/или моделирање<br><br>Цртање и/или моделирање | ▸ Контура<br>▸ Сенчање-за слабовидни ученици,а за слепи ученици наместо избработка на цртеж тоа да биде изработка на едноставни предмети од различени материјали.<br><br>▸ Внатрешен и надворешен простор<br>▸ Туш | ▸ Набљудување на непосредната околина, преку употреба на сетилото за допир и мирис, перципирање на просторот (градбите, предметите, природата, дрворед, улица);<br>▸ со тенка четка, монохромно (туш, темпера, водени бои и др.) црта линии со различна дебелина, интензитет, прецизност, насока (моето училиште, училиштен двор, мојата соба, мојот дом)-слепиот ученик линиите ги изработува со пластелин;<br>▸ црта/моделира контурна линија (суво дрво, листови од дрвја, инсекти);<br>▸ црта/моделира или изработува со волница, гравчиња, монистри и сл. видови линии и истите ги комбинира во ликовна целина;<br>▸ црта со црн фломастер/моделира линии: прави криви, отворени-затворени, долги-куси, испрекинати и др. и изразува контраст на линии (облаци и дожд);<br>▸ воочува и споредува предмети по големина со употреба на сетилото за допир (почетно чувство за пропорции);<br>▸ споредува, доживува и црта/моделира внатрешен и надворешен простор;<br>▸ ги набљудува предметите и сенките кои ги формираат разни предмети при различно осветлување и со сенчење ликовно ги претставува;<br>▸ во природата го забележува ритамот на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | формите и линиите и ги применува како декоративен елемент (дрворед, ограда, скали и др.);<br>▸ црта (само ученикот со остаток на вид) со туш, перце, дрвце, четка (клас од пченка, ораница, снопови, суво дрво и др.);<br>▸ црта по набљудување, помнење и фантазија. |

| **СЛИКАЊЕ И МОДЕЛИРАЊЕ (ориентационо 32 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да ги користи основните и секундарните бои и креативно да ги применува во ликовна композиција;<br>▸ да создава ликовна композиција со ладни или топли бои;<br>▸ да разликува оригинална творба од репродукција. | Ликовни елементи во сликањето/ моделирање<br><br>Сликање/моде-лирање<br><br>Контраст<br><br>Оригинал и репродукција | ▸ Ладни и топли бои<br><br>▸ Контрасни бои<br>▸ Оригинал<br>▸ Репродукција | ▸ Користи разновидни постапки и техники во сликањето (капење, гребење, прскање, додека за моделирање техниките гмечење, месење и др.);<br>▸ слика пејзаж со основни и изведени бои (за слепиот ученик асоцирање на боите со одредени појави или предмети, пр. жолта со сонцето и сл.);<br>▸ слика со ахроматски бои;<br>▸ слика/модел со ладни или топли бои (разни декорирани предмети, пр. тегла- на неа додадено тесто обоено и добивање на кутија за моливи);<br>▸ ја слика - моделира природата со ладни и топли бои (ливада, цветови и др.);<br>▸ слика со контрасни бои;<br>▸ изразува и разликува контраст (светло-темно);<br>▸ меша бои и слика- моделира со нив по сопствена замисла;<br>▸ во природата ја забележува тонската градација, споредува и забележува разлики во тонот (светол, темен, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | најтемен, најсветол тон);<br>▸ слика - моделира по доживено;<br>▸ слика - моделира по фантазија;<br>▸ посетува ликовна изложба, ателје и се запознава со оригинални дела и со репродукции. |

| ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ, МОДЕЛИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да ја развива способноста да набљудува, воочува (перцепира) предмети со едноставен и сложен волумен;<br>▸ да ја усовршува мануелната способност при моделирањето;<br>▸ при моделирањето да ги усовршува разните постапки на работа;<br>▸ да се оспособува да моделира тридимензионални форми (со едноставен и сложен волумен);<br>▸ да ја применува линијата и текстурата при моделирањето;<br>▸ да создава композиција со разни отпадни и други материјали;<br>▸ да се запознава со неколку | Основни средства за моделирање<br><br>Ликовни елементи во моделирањето<br><br>Моделирање<br><br>Основни средства за градење<br><br>Ликовни елементи во градењето<br><br>Градење | ▸ Волумен<br>▸ Каширање<br>▸ Макета<br>▸ Скулптура | ▸ Набљудува разни предмети и споредува по форма, големина и текстура употребувајќи го сетилото за допир;<br>▸ моделира едноставен волумен (овошје, зеленчук, геометриски тела, сообраќајни средства и др.);<br>▸ моделира предмети со сложен волумен (животни, растенија, човечка фигура, птица, кошничка и сл.);<br>▸ моделира со разни постапки на додавање, одземање, длабење, гребење, перфорирање и цртање;<br>▸ кашира маски, кошнички, плодови, животни и др.;<br>▸ моделира предмети и со нив создава композиција;<br>▸ користи отпадни материјали за ликовно изразување (прави макети на училиште, сообраќај, возила и др.);<br>▸ прави мозаик со колаж или со мека хартија претходно обработена и обоена во разни бои;<br>▸ комбинира и составува и притоа изразува |

| | | | |
|---|---|---|---|
| скулптури во непосредната околина;<br>▸ да се оспособува од готови форми да создаде посложена композиција. | | | простор (внатрешен и надворешен);<br>▸ со компонирање на готови форми создава сложена композиција индивидуало, со помош или во група;<br>▸ на уметничко дело (скулптура) забележува детали, текстура, линии, волумен преку допир...;<br>▸ посетува споменик (скулптура, биста, фонтана и др.). |

| **ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ (ориентационо 10 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да процени што го привлекува неговото/ нејзиното внимание кон некој предмет и зошто;<br>▸ да го користи ритамот во дизајнот;<br>▸ да запознава и разликува илустрација, фотографија, корица за книга, постер, плакат. | Дизајн<br><br>Ликовни елементи во дизајнот<br><br>Визуелни комуникации | ▸ Дезен (шара)<br>▸ Украс<br>▸ Знак<br><br>▸ Илустрација<br>▸ Корица<br>▸ Постер | ▸ Печати со ритмичко повторување, создава дезен (марама, украсна хартија, амбалажна кеса, ланчиња со монистри, а со тоа ја развива фината моторика);<br>▸ печати со разновидни материјали кои сам ги пронаоѓа во непосредната средина (лисја, плодови, кожа, гума, текстил, мрежа, диви костени и др.);<br>▸ печати картон печат;<br>▸ изработува украсни предмети од разни амбалажи;<br>▸ изработува украси, честитки, накит по свој личен избор и замисла;<br>▸ според едноставна шема изработува оригами;<br>▸ преку постапки на лепење врзување, составување и др. им ја менува првобитната функција на предметите;<br>▸ користи компјутер со звучна програма за изработка на декорација. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини од предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, англиски јазик, запознавање на околината, музичко и физичко и здравствено образование. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

Кога станува збор за учениците со оштетен вид, треба да се истакне специфичноста при изведување на наставните содржини по предметот ликовно образование.

Земајќи го предвид фактот дека тотално слепите ученици се оневозможени да цртаат, наставникот треба цртањето да го замени со моделирање, обликување, со цртање на песок со помош на прстите.

Преку предметот ликовно образование учениците со оштетен вид усвојуваат поими и затоа е неизбежно наставникот по вербален, тактилен или аудитивен пат да им „претстави'' одреден предмет, состојба или ситуација и истата од претставно ниво да ја доведе на ниво на поим.

За успешност на учениците по предметот ликовно образование, наставникот треба постојано да врши компарација, да употребува специфични наставни средства и помагала, односно она што е тема за работа на часот тој треба претходно да го има изготвено за да може учникот по тактилен пат да го осети, а потоа и правилно да го направи.

Наставникот во својата работа треба почесто да ги носи своите ученици во природа, со цел тие по пат на сите сетила (со исклучок на видот) да ја почувствуваат природата.

На почетокот е наведена важноста на корелирање на овој предмет со останатите, но како резултат на спецификите во работата со учениците со оштетен вид, неизбежно е да се истакне и примената на психомоторната реедукација при изведување на активностите по предметот ликовно образование, со посебен акцент на поттикнување и развој на фината моторика.

При изведувањето на наставните содржини по предметот ликовно образование, наставникот треба да ги мотивира учениците, да им ја поттикнува и развива фантазијата, да им го збогатува речникот со нови поими, да им го развива и поттикнува чувството за естетика, да организира изложби итн.

- Годишен фонд на часови:

| Ред. бр | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Цртање | 20 часа |
| 2. | Сликање | 32 часа |
| 3. | Обликување во просторот, моделрање и градење | 10 часа |
| 4. | Дизајн и визуелни комуникации | 10 часа |
| | Вкупно: | 72 часа |

* *Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.*

- **Наставни средства:**
- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
- слајдови, сликовници, списанија и сл.;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видео-плеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер и други средства зависно од предметот);
- Интернет, образовни звучни софтвери за синтетизиран говор;
- печка за глина;
- Swell touch техника;
- вакуум преса.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективната соработка и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

- **Описно оценување**:
  - опсервација на ученикот;
  - разговор како начин на изразување;
  - вербално опишување на сопствениот цртеж;
  - степен на совладување на ликовните техники;
  - индивидуални креативни способности;
  - учество и изведба на ликовна творба;
  - воочување и препознавање на разни предмети од непосредната околина и применување во ликовното творештво;
  - презентација на ликовните ученички творби;
  - креативно изразување и творење во ликовните техники;
  - препознавање на ликовни техники и материјали;
  - активно учество во тимската работа и др.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за III одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по физичко и здравствено образование за трето одделение може да ја реализира лице кое завршило:
- Филозофски факултет-Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Ученикот/ученичката:**

- ги препознава и ги именува ликовните материјали, техники и приборот за цртање, сликање, моделирање, обликување и печатење предвидени со програмата од I до III одделение;
- црта различни линии и детали;
- воочува светло и сенка на предметите и објектите;
- воочува и именува разни видови линии во природата и ги применува во ликовното изразување;
- ги воочува контурите и елементите на предметите и ги применува во ликовното изразување;
- се грижи за хигиената на просторот, за приборот за сликање и за негово подредување на соодветно место;
- ги препознава и именува основните бои, секундарните, хроматските, ахроматските;
- умее да добие секундарни бои (зелена, портокалова и виолетова);
- разликува надворешен и внатрешен простор, испакнато-вдлабнато;
- самостојно подготвува шаблони за печатење;
- печати и со ритмичко повторување создава композиција;
- црта по доживеано, прочитано и по фантазија;
- самостојно декорира готови форми;
- го користи компјутерот за ликовно изразување, цртање и боење;
- знае да разликува цртеж, слика и скулптура;
- знае дека постои оригинал и репродукција;
- ја опишува сопствената ликовна творба;
- препознава елементи од народното творештво и ги користи во своето ликовно изразување.

Бр. 07-5211/6
23.06. 2010 год.
СКОПЈЕ

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ликовно образование за трето одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

Скопје 23. 06. 2010

Никола Тодоров,
министер за образование и наука

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 24. 06. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2401/, | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *музичко образование* за III одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## III ОДДЕЛЕНИЕ

З. Хорватовиќ

Скопје, јуни 2010

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да применува правилен пејачки став (седење, држење, дишење);
- да применува култивирано пеење (умерено пеење без гримаси, дигање на рамења и викање);
- да се оспособува да пее песни со разновидна ритмичко- мелодиска линија;
- да се оспособува за активно слушање на музиката;
- да препознава музика од различни инструменти;
- да ги помети, повторува, користи движењата во музичко – ритмичките активности;
- да се воведува во елементите на нотното писмо;
- да се запознае со детски музички инструменти (мелодиски) и да свири со нив;
- да создава интерес за изведување на звучни ефекти, спонтани импровизации на кратки музички мотиви и др.;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување;
- да умее да ја користи компјутерската техника за музичко изразување.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ПЕЕЊЕ (ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ правилно да го држи телото при пеење;<br>▸ да развива интерес за пеење;<br>▸ да го проширува опсегот на гласот;<br>▸ да развива чувство за ритам и да идентификува определен ритам (1:1 и 1:2, односно 2:1);<br>▸ да пее песни различни по содржина и карактер;<br>▸ да се воведува за пеење по ноти со тактирање. | Правилен став при пеење<br><br>Пеење песни по слух (детски, уметнички, народни, поврзани со државни и верски празници) различни по содржина и карактер (опсег c1 – c2)<br><br>Пеење на елементарни мелодиски вежби и песни по ноти (со употреба на сол1 и ми1 во траење на половини и четвртини) | ▸ Пеење по слух<br>▸ Пеење по ноти<br>▸ Тактирање *(поимот се воведува како стручен израз наместо „удирање" и како подготовка за поимот „такт" кој ќе се разработува во погорните одделенија).* | ▸ Вежби за правилно пеење, држење на телото, вежби за дишење (да пее без напрегање, умерено, без гримаси, дигање на рамената, без викање и др.);<br>▸ изведба на бројалки и брзозборки со точен ритам и јасна дикција (пр., бројалки и брзозборки познати на учениците);<br>▸ пеење песни напишани со Брајова азбука, различни по содржина и карактер (пр., пее песни за годишните времиња, детски песни; народни песни и др. со опсег c1 – c2);<br>▸ доживување и препознавање на траењето на четвртина и половина преку бројалките (1:1 „Енци-менци"; 1:2 „Тара-тара-тарана");<br>▸ вежби по слух со кратки мелодиски мотиви сочинети од тоновите сол1 и ми1 (пр.1: наставникот го пее мотивот со именување на тоновите, а учениците го повторуваат; пр. 2: наставникот го пее мотивот со текст, а учениците го повторуваат со именување на тоновите);<br>▸ пеење на елементарни мелодиски вежби и песни по ноти со тактирање;<br>▸ пеење песни по сопствен избор или во корелација со останатите наставни предметии;<br>▸ разговор со учениците за омилени пеачи/ки, омилени песни и зошто?. |

| 2. МУЗИКА И ДВИЖЕЊЕ (ориентационо 19 часа ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>▸ да се поттикнува да ги усогласи своите движења со музичките карактеристики;<br>▸ да развива чувство за ритам;<br>▸ да изведува музичко-ритмички чекорења;<br>▸ да се поттикнува да изведува движења според однапред утврдена кореографија;<br>▸ да запознава и изведува едноставни народни ора од различни етнички заедници;<br>▸ да се поттикнува за учество во елементарни музички драматизации. | Музичко-ритмички чекорења (чекорење, марширање, потскок-нување)<br><br>Музички игри<br><br>Танцување (валс)<br><br>Елементарни музички драматизации (со корис-тење на танц и пантоми-ма) | ▸ Валс | ▸ Комбинирање на чекорења, потскокнувања, престројувања, имитација на марширање на војници, плескање со рацете, тупкање со нозете и др.;<br>▸ учество во музички игри;<br>▸ изведба на едноставни танци и ора од различни етнички заедници и култури и објаснување на истите по вербален пат;<br>▸ танцување на валс;<br>▸ учество во елементарни музички драматизации (драматизација на „Пецо и волкот” од С. Прокофјев);<br>▸ работилница: учениците сами измислуваат повеќе едноставни движења и истите ги вклопуваат во сложени изведби;<br>▸ вежби: одење по ритам, а со тоа и вежбање на психомоториката на долните екстремитети;<br>▸ синхронизирање на научените елементи во кратка изведба смислена од страна на музичкиот педагог или самите ученици. |

| 3. СЛУШАЊЕ МУЗИКА (ориентационо 19 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да слуша и препознава: класична, народна и музика за деца;<br>▸ да го препознава карактерот на музиката (весела, тажна, брза, бавна и др.);<br>▸ да разговара за музиката што ја слуша;<br>▸ да препознава народни песни и ора;<br>▸ да слуша и препознава звуци на одредени музички инструменти. | Слушање класична и народна музика, како и музика за деца<br><br>Слушање музички фолклор (народни песни и ора од својата етничка заедница и од другите заедници) | ▸ Инструмент<br>▸ Изведба<br>▸ Изведувач<br>▸ Композитор<br><br>▸ Народна песна и оро | ▸ Слушање класична музика: Сен-Санс: „Карневал на животните” – „Кенгурите” и „Народот со долги уши” (доживување на забавување и забрзување на темпото, како и намалување и зголемување на динамиката);<br>▸ слушање музика за деца (С. Прокофјев: „Пецо и волкот” – цртан филм);<br>▸ песнички од детски фестивали;<br>▸ народна музика (песни и ора од различни етнички заедници на Македонија и од светот);<br>▸ запознавање на звучноста на музичките инструменти преку слушање на музички дела или фрагменти (хармоника, флејта, барабанче, гитара, дајре);<br>▸ игри на препознавање на видот на музиката (народна, класична или детска), пример: еднаш да тропне ако станува збор за класична музика, два пати за детска песна, три пати за народна песна;<br>▸ разговор за тоа кој тип на музика најмногу им се допаѓа, им се дава да преслушаат повеќе мелодии на различни видови музика, а потоа да одберат една која им оставила најсилен впечаток и да објаснат зошто;<br>▸ игри на препознавање на карактерот на музика преку драматизирање (тага, радост, брзо, споро темпо);<br>▸ слушање и препознавање песни и ора од различни етнички заедници и разговор за истите;<br>▸ посета и учество на фолклорни изведби;<br>▸ слушање и препознавање на музички инструмети, разговор за тоа кој инструмент преовладува |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | според звучноста во одредена мелодија;<br>▸ посета на музички концерти. |

| 4. СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (ориентационо 8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>▸ да развие осет за ритам;<br>▸ да се запознае со начинот на свирење на одредени детски музички инструменти;<br>▸ да повторува кратки ритмички мотиви;<br>▸ да повторува кратки мелодиски мотиви;<br>▸ да придружува позната песна со одредени ДМИ. | Ритам<br><br>Мелодија<br><br>Свирење на детски мелодиски инструменти<br><br>Придружба на песни и кратки ритмички и мелодиски мотиви со детски музички инструменти | ▸ Ритам<br>▸ Мелодија<br>▸ Имиња на детски музички инструменти (кои се користат во училиштето)<br>▸ Придружба | ▸ Изведба со детски ритмички инструменти (пр., повторува кратки ритмички мотиви);<br>▸ свирење на детски мелодиски инструменти (металофон);<br>▸ едноставна придружба на позната песна со ДМИ;<br>▸ поттикнување на ученикот да ја употреби својата фантазија и сам да смисли, изработи, експериментира со инструменти, со предметите што ги има во училницата или природата и на нив да го развива осетот за забрзување или успорување на ритмот;<br>▸ наставникот да му прикаже на ученикот повеќе едноставни инструменти и да му опише на кој начин тие функционираат (за учениците со оштетен вид е важно тактилно и аудитивно да го почувствуваат инструментот, а наставникот по вербален пат детално да им го опише), а доколку некој од учениците свири на некој инструмент наставникот организира час на кој тие ученици ќе ги претставаат своите инструменти и ќе отсвират некоја мелодија. |

| 5. ОСНОВИ НА МУЗИЧКАТА ПИСМЕНОСТ (ориентационо 6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>▸ да ги препознава знаците на нотното писмо: петтолиние, виолински клуч, знак за нота, сол1 и ми1;<br>▸ да умее да пишува виолински клуч. | Елементи на нотно писмо: нота, петтолиние, виолински клуч; поставување на тоновите сол1 и ми1 на петтолиние. | ▸ Нота<br>▸ Петтолиние<br>▸ Виолински клуч | ▸ Запознавање со елементите на нотното писмо: нота, петтолиние, виолински клуч со помош на Брајовата азбука;<br>▸ вежби за пишување на виолински клуч, нота со помош на Брајовата азбука. |

| 6. ОСНОВИ НА ДЕТСКОТО МУЗИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ (ориентационо 8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>▸ да се поттикнува за музичко изразување со глас, свирење, движење;<br>▸ да стекнува сигурност и самодоверба во сопственото музичко изразување;<br>▸ да ужива во музичкото изразување. | Креативно изразување преку пеење, движење и свирење;<br><br>изразување на впечатоците од слушаната музика на различен начин. | | ▸ Самиот ученик на обработена песна или музички пример создава сопствена кореографија со движење на своето тело, измислување на чекори и движења со рацете;<br>▸ креативно изразување и творење на слушаните песни и музичките примери;<br>▸ учество во игри и драматизации;<br>▸ учество во активности во кои учениците наместо да одговараат со зборови одговараат со пеење;<br>▸ учество во активности преку сопствено изразување на впечатоците од слушаната музика;<br>▸ поттикнување на детската фантазија и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | мотивирање за самостојно создавање на кратки музички секвенци;<br>▸ организирање натпревар во рамките на паралелката за тоа кој ученик смислил најдобра кореографија. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот музичко образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од наставните програми по мајчин јазик, математика, англиски јазик, запознавање на околината, и физичко и здравствено образование. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и фали секое дете при музичкото изразување и не смее да се дозволи да се прави атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

Практичните искуства покажуваат дека учениците со оштетен вид пројавуваат посебен интерес кон предметот музичко образование и генерално кон пеењето и свирењето, а  наставникот треба оваа љубов кон музиката уште повеќе да ја поттикнува и развива.

За учениците од трето одделение потребно е постепено да се запознаваат со музичките инструменти, на почетокот со поедноставните, а потоа и со посложените. Тотално слепиот ученик нотите ги усвојува преку Брајовото писмо.

Наставникот во соработка со родителите треба да ги носи учениците на различни музички случувања, да ги поттикнува да учествуваат на претстави во училиштето и надвор од него, на случувања кои имаат натпреварувачки карактер.

➢ **Годишен фонд на часови**

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Пеење | 12 часа |
| 2. | Музика и движење | 19 часа |
| 3. | Слушање музика | 19 часа |
| 4. | Свирење на детски музички инструменти | 8 часа |
| 5. | Основи на музичката писменост | 6 часа |
| 6. | Основи на детското музичко изразување и творење | 8 часа |
| Вкупно: | | 72 часа |

*Забелешка:Бројот на часовите е даден ориентационо.*

➢ **Наставни средства:**
- аудио- визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
- детски музички инструменти;
- дидактички средства и материјали;
- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
- Интернет, образовни софтвери;
- Брајов печатач.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и за наставните средства за III одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по музичко образование во трето одделение може да ја изведува лице кое завршило:
- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Ученикот/ученичката:**

- зазема правилен пејачки став;
- пее култивирано (умерено, без гримаси, дигање на рамења и викање);
- препознава звуци од природата и околината;
- активно слуша музика;
- изведува едноставна кореографија во музичко-ритмички активности;
- именува и применува ритмички и мелодиски детски инструменти;
- разликува основни видови на темпо и динамика;
- препознава и применува музички писмени знаци (петтолиние, виолински клуч, нота);
- користи ИКТ за музичко изразување.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-5211/5
23.06. 2010 год.
СКОПЈЕ

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по музичко образование за трето одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

Никола Тодоров,
министер за образование и наука

Скопје 23. 06. 2010